# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.147 од 27.08.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11, 163/13 и 10/15) во членот 36 зборовите: „Дирекцијата за храна преку државните инспектори" се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за храна и ветеринарство преку државните инспектори за храна".

**Член 2**

Во членот 37-б зборовите: „Дирекцијата за храна" се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за храна и ветеринарство".

**Член 3**

Во членот 38 зборовите: „Дирекцијата за храна" се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за храна и ветеринарство".

**Член 4**

Во членот 40 став (3) по зборовите: „Законот за инспекциски надзор" се става точка а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

**Член 5**

Во членот 41 став (1) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка".

**Член 6**

Во членот 41-б во ставот (1) зборовите: „Дирекцијата за храна" се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за храна и ветеринарство".
Во ставот (2) зборовите: „и инспекторите при Дирекцијата за храна" се бришат, а по зборовите: „Министерството за здравство" се додаваат зборовите: „државните инспектори за храна при Агенцијата за храна и ветеринарство на веб страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство,".

**Член 7**

Во членот 43 став (1) во воведната реченица зборовите: „3.000 до" се бришат.
Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице давател на услугата."

**Член 8**

Во членот 44 став (1) во воведната реченица зборовите: „1.000 до" се бришат.
Ставот (2) се менува и гласи:
Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице корисник на услугата."
Во ставот (3) зборовите: „300 до 400 евра" се заменуваат со зборовите: „ 300 до 450 евра".

**Член 9**

Во членот 44-а по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Против одлуката на Комисијата од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката."

**Член 10**

Во членот 44-б во ставот (1) точката на крајот од реченицта се брише и се додаваат зборовите: „со издавање на прекршочен платен налог."
Во ставот (2) во втората реченица зборовите :„платен налог" се заменуваат со зборовите: „прекршочен платен налог", а во третата реченица зборовите: „платниот налог" се заменуваат со зборовите: „прекршочниот платен налог".
Во ставот (3) зборовите: „платниот налог" се заменуваат со зборовите: „прекршочниот платен налог".
Ставот (5) се менува и гласи:
„Надлежните инспектори од членот 36 на овој закон се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки."
По ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8) кои гласат:
„(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на
прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа за комуналните работи."

**Член 11**

По членот 44-б се додава нов член 44-в кој гласи:

**„Член 44-в**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците."

**Член 12**

Подзаконскиот акт утврден во овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 13**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".